**Активација на ранливи групи на пазарот на трудот**

Проектот е финансиран од Европската Унија

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во рамки на ИПА-проектот „Активација на ранливи групи на пазарот на труд“ финансиран од Европската Унија, **на ден 03.01.2023, објавува**

# ЈАВЕН ПОВИК

## до невработени лица за вклучување во мерката 3.3 Обуки за побарувани занимања на пазарот на труд

Се повикуваат евидентираните невработени лица:

- корисници на ГМП (гарантирана минимална помош),
- жени,
- Роми,
- млади до 29 години,
- лица со попреченост и
- долгорочно невработени лица

кои се заинтересирани за учество во мерката „Обуки за побарувани занимања на пазарот на труд“, да се пријават во работните клубови на Центрите за вработување на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, каде редовно се евидентираат како невработени лица, секој работен ден од 09:00 до 14:00 часот.

Обуките ќе се спроведуваат од страна на верификувани спроведувачи на обуки, а се однесуваат на следните занимања и градови:

**<u>А. Обуки за побарувани занимања со услов – лицето да има завршено минимум основно образование:</u>**

1. Негувател/ка на стари и немоќни лица – Скопје, Тетово, Штип, Битола, Кочани;
2. Асистент за нега на лица со Алцхајмерова болест – Скопје, Штип, Неготино;
3. Асистент за нега на лица со мултиплекс склероза - Штип;
4. Маникир – Скопје, Тетово, Битола, Штип;
5. Фризер – Скопје, Куманово, Тетово, Штип;
6. Козметичар – Скопје, Тетово, Битола;
7. Шминкер – Скопје, Штип;
8. Масер – Скопје, Тетово, Штип;
9. Слаткар – Скопје;
10. Готвач – Скопје;
11. Пекар – Скопје;
12. Дигитален маркетер – Скопје;
13. Изработувач и монтажер на плочест мебел - Тетово;
14. Автомеханичар – Скопје, Тетово;
15. Службеник во сметководство – Штип, Кавадарци
16. Оператор за компјутерски системи и мрежи - Куманово
17. Ракувач со ЦНЦ машини – Тетово

**<u>Б. Обуки за побарувани занимања со услов – лицето да има завршено минимум средно образование:</u>**

1. Службеник за сметководство – Скопје, Тетово, Битола, Штип, Куманово;
2. Монтер за греење, ладење и климатизација – Скопје;
3. Монтер и сервисер на фотоволтаични панели – Штип;
4. Аргон заварувач – Штип;
5. МИГ МАГ заварувач – Тетово;
6. Оператор/Ракувач на ЦНЦ машини – Штип;
7. Дијагностичар на мехатронички системи – Тетово;
8. Дигитален маркетер – Битола, Куманово Скопје;
9. Оператор за поддршка на компјутерски системи и мрежи – Битола;
10. Оператор за изведба и одржување на компјутерски мрежи – Штип;
11. Оператор за компјутерски системи и мрежи – Куманово;
12. Парамедик-Давател на итна медицинска помош - Штип;
13. Оџачар – Штип
14. Бравар – Тетово
15. Металостругар – Тетово
16. Оператор на ЦНЦ машина - Тетово
17. Маникир и педикир – Штип
18. Фризер за жени – Штип
19. Шминкер - Штип

Обуката ќе се реализира во период од 2 (два) месеци, а по завршување на истата кандидатите ќе изведуваат секојдневна практична работа во реални услови кај работодавачи во времетраење од 1 (еден) месец. Доколку спроведувачите на обука се приватни компании (работодавачи), практичната работа во времетраење од 1 (еден) месец може да се изведува кај истата приватна компанија (работодавач).

Лицата вклучени во обуките ќе добијат месечен бруто надомест во висина од 9.000,00 денари, со вклучено осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест и данок на личен доход за времетраењето на обуката.

Невработените лица кои ќе ја завршат обуката, практичната работа и успешно ќе го положат предвидениот испит, ќе се стекнат со Сертификат издаден од верификуваните спроведувачи на обука пропишан од Министерство за образование и наука.

Вклучените евидентирани невработени лица кои се корисници на гарантирана минимална помош или користат право на парична помош од социјална заштита или паричен надоместок, за времетраење на обуката не го губат ова право.

Условите, правата и обврските ќе бидат уредени со склучување на договор помеѓу Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и селектираните кандидати.

Обуките ќе се спроведат доколку има доволен број на пријавени кандидати, кои ги исполнуваат условите наведени во Јавниот повик.

При селекција на пријавените кандидати во обуките предност ќе имаат невработени лица кои претходно не биле вклучени во оваа мерка.

Заинтересираните невработени лица може да го изразат својот интерес и/или да поднесат поднесат Пријава во Центарите за вработување, секој работен ден од 09:00 до 14:00 часот, сè до исполнување на предвидениот опфат.

Детални информации може да се добијат во работните клубови на 30-те Центри за вработување, на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, контакт телефонот 02-3111-850, веб страната www.av.gov.mk, како и во ИПА-канцеларијата на ipa@avrm.gov.mk.

**АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**



**Врз основа на член 108 став 1 алинеа 6 од Законот за основно образование („Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20 ) и Решението донесно од страна на Градоначалникот на Општина Неготино бр.09-909/1 од 27.12.2022 година и одлуката на Училишниот одбор при ООУ „Гоце Делчев“ Неготино бр. 02-568/4 од 27.12.2022 година за објавување на јавен оглас за избор на директор, Училишниот одбор на ООУ „Гоце Делчев“ Неготино распишува**

# ЈАВЕН ОГЛАС

## За избор на директор во ООУ „Гоце Делчев“ Неготино

1. Кандидатите покрај општите услови утврдени со закон треба да ги исполнуваат и следните посебните услови
   - да имаат најмалку високо образование и да ги исполнуваат условите за наставник или стручен соработник во основно училиште високо образование, да ги исполнува условите за наставник, педагог или психолог,
   - да имаат најмалку пет години работни искуство во воспитно-образовна работа,
   - да имаат соодветен сертификат не постар од 5 години за познавање на англискиот јазикТЕОФЕЛ ИБТ-најмалку 30 бода,ИЕЛТС-најмалку 3 бода, БУЛАТС –најмалку 20 бода или КЕТ-положен, или АПТИС-најмалку ниво Б2.
   - да имаат положен испит за директор,
   - во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда да не им е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност.

2. Покрај молбата со кратка биографија кандидатите треба да ги приложат следните документи(оригинал или заверени на нотар):
   - извод од матична книга на родените,
   - доказ за завршено соодветно високо образование,
   - потврда за работно искуство во воспитно-образовна работа,
   - уверение за државјанство на Р.Македонија не постаро од 6 месеци
   - лекарско уверение,
   - уверение за положен испит за директор,
   - потврда дека со правосилна судска пресуда да не им е изреченаказна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност,
   - програма за работа за период од четири години,
   - кратка биографија,
   - сертификат за познавање на англиски јазик сертификат не постар од 5 години за познавање на англискиот јазикТЕОФЕЛ ИБТ-најмалку 30 бода,ИЕЛТС-најмалку 3 бода, БУЛАТС –најмалку 20 бода или КЕТ-положен, или АПТИС-најмалку ниво Б2 и
   - Пријава/молба по оглас

3. Молбите со потребните документи, заинтересираните кандидати да ги достават во оригинал или копија заверена кај нотар, по пошта или лично на адресата на училиштето, ул.Маршал Тито бр.117 Неготино адресирани до Училишниот одбор при ООУ „Гоце Делчев“ Неготино.

4. Огласот трае 3 работни дена од денот на објавувањето.

5. Интервју ќе се спроведе со кандидатите кои ги исполнуваат формалните услови.

6. Доколку меѓу пријавените кандидати нема кандидати со положен испит за директор, за директор ќе биде избрано лице кое нема положено испит за директор, но е должно испитот да го положи во рок од една година од денот на изборот за директор

7. Некомплетираните и ненавремено доставените документи нема да бидат предмет на разгледување.

8. Изборот ќе се изврши во рок во согласност со законот.

**Училишен одбор на ООУ „Гоце Делчев“ Неготино**